РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА
НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Одбор за акредитација и евалуација на високото образование
Бр. 1409-65/18
18.04. 2018 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 71 став 2 алинеа 4 и член 104 став 2 од Законот за високото образование ("Службен весник на Република Македонија" број 35/08, 103/8, 26/9, 83/09, 99/09,115/10, 17/11,51/11, 123/12, 15/13, 24/13, 41/14, 116/14, 130/14, 10/15, 20/15, 98/15, 154/15, 30/2016, 127/16), Одборот за акредитација и евалуација на високото образование на Република Македонија, на својата 7 седница одржана на 30.03.2018 година, донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

**за акредитација на студискита програма Регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообракај втор циклус студии на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје**

1. Се акредитира студиската програма **Регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообракај втор циклус студии на Факултет за електротехника и информациски технологии при Универзитет „Св. Кирил и Методиј" Скопје** согласно Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според меѓународната Фраскатиева класификација која е дадена како Прилог 1 на Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11).

2. Студиската програма од точка 1 на ова решение е во траење од 1 година (два семестри).

3. По завршените студии на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 60 ЕКТС и со звање:
**- Магистер од областа на регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај**
Научно - истражувачко подрачје: Техничко - технолошки науки
Научно – истражувачко поле: 203. 205, 213, 220, 224, 225
Научно – истражувачко област: 20300, 20514, 21300, 21303, 22011, 22000, 22002, 22403, 22405, 22500..

4. Акредитацијата на студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од **пет** (I и II циклус) учебни години, почнувајќи од учебната 2018/2019......

5. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА**
**НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ**

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на донесената одлука на Наставно-научниот совет на Факултет за електротехника и информациски технологии во Скопје, втор циклус студиските програми „Регулатива во енергетика, електронски комуникации и сообраќај“, на 05.02.2018 година до Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ достави предлог за прифаќање на елаборат за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација и евалуација на високото образование во РМ, на 4 седница, одржана на 15.02.2018 формира стручна комисија за оценка на доставениот предлог и врз основа на позитивната оценка содржана и извештајот на стручната комисија, на својата 7 седница одржана на 30.03.2018 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Претседател
на Одборот за акредитација и евалуација
на високото образование

Академик Владо Камбовски